/М У З И К А/

ШКОЛСКА ЕМИСИЈА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

"ЕДЕН ПОГЛЕД ВРЗ ПОЕЗИЈАТА НА АЦО ШОПОВ"

/М У З И К А/

АРТИСТКА:

П Е С Н А

Биди земја неподатлива и тврда.
Биди нема статуа на столот.
Потсмевни се на мимолетноста. И грда
израсни од каменот на болот.

Биди небо. Биди синост моја. Ѕвезди снопје.
Живо време во четири ѕида.
Забоди се непогрешно в срце. Како копје.
И потпри ме ко каријатида.

/М У З И К А/

СПИКЕР: Тоа е уводната песна во последната книга стихови на Шопов, што најдобро може да ни ги открие специфичностите на оваа поезија и односот на нивниот автор кон поетското творештво. Овој изразит претставник на современата македонска лирика, "роден лиричар" /како што го наречува критиката/ самосвесен за својата лирска мисија, сака да биде, пред се, с в о ј докраен самооткривач, "без да стане школска жртва ниту на една литературна школа." Длабоко емотивен и искрен, со лапидарен и дескриптивен израз, единствен и континуиран во својот развоен пат тој секогаш успева да остане онаков каков што си пожелува во стиховите што ги чувме: с в о ј, питом и топол. Тој е таков и кога и се препушта на природата од пределите со кои наоѓа најдобри патишта на разбирање, и кога медитира за смислата на постоењето на животот и смртта, за смислата на наследената крв, и кога зборува за жената, таа најголема

метафора на животот, тајна што се видоизменува во секој миг.

/М У З И К А/

АРТИСТКА ШЕСТА МОЛИТВА НА МОЕТО ТЕЛО

АРТИСТ: Везилка си на оваа игра, на овој домородски ритам.
Од дивина со крвта ми викаш, од далечина -

АРТИСТКА: "Кон твоето тело неподвижно итам
јас непозната, глув водопад од месечина.

На твоето чело високо пасат плашливи елени,
ти имаш раце силни и зараснати длабоко в земи,
во твоето грло растат треви зелени,
твоите зборови се ковчести и остри, но неми".

АРТИСТ: Везилка си на оваа игра, на оваа домородска песна
а не знам дали си моја ноќ, дали си ден,
и оваа грутка црвеница врз која лежам е тесна
за овој пораз мој величествен.

/М У З И К А/

СПИКЕР: Носталгичност и барање засолниште во добрината, во љубовта, во спокојствието, во мудроста - тоа е основниот белег на оваа лирика толку богата со емоции и слики и толку мелодична по својата ритмика. За мото на целата оваа поезија можеме да ги земеме и четиристишијата "ВО ТИШИНАТА" и "ЗДРАВИЦА". За првата песна критичарот Димитар Митрев вели: "Говорот за тишината кај другите е метафора на епигонска игра; говорот за тишината кај него е жива симболика на еден жив човечки говор".

/М У З И К А/

АРТИСТ:

Ако носиш нешто неизречено,
нешто што те притиска и пече,
закопај го во длабока тишина,
тишината сама ќе го рече.

/М У З И К А/

АРТИСТКА:

З Д Р А В И Ц А

За вас ја кревам оваа чаша -
секому секој сам што сака,
за вас и срећно, јас им велам,
а гледам - кревам празна рака.

/М У З И К А/

СПИКЕР:

Авторот на овие стихови е роден во 1923 година во Штип, каде што ги завршува основното образование и гимназија. Матурира во истата гимназија каде што по него учат писателите Србо Ивановски, Бранко Пендовски, Александар Алексиев и Ѓунчо Стојменски. Подоцна Филозофски факултет завршува во Скопје.

Како средношколец се вклучува во напредното младинско движење уште во 1940 година, а потоа заминува во партизани. По војната работи во Централниот комитет на Народната младина на Македонија, ги уредува списанијата "Иднина", "Нов ден", "Современост" и весникот "Хоризонт". Сега е директор на Книгоиздателството "Македонска книга".

Првата збирка песни на Ацо Шопов се јавува во 1944 година, под наслов "ПЕСНИ". Потоа се нижат стихозбирките: " НА ГРАМОС" - во 1950 година, "СО НАШИ РАЦЕ" - во 1950 година, "СТИХОВИ ЗА МАКАТА И РАДОСТА" - во 1952 година, "СЛЕЈ СЕ СО ТИШИНАТА" - во 1955 година, "ВЕТРОТ НОСИ УБАВО ВРЕМЕ" - во 1957 година, "НЕБИДНИНА" - во 1963 година, "ПРЕДВЕЧЕРЈЕ" - во препев на српско-хрватски јазик во 1966 година, печатена во Титоград и кон крајот на истата година збирката "РАЃАЊЕ НА ЗБОРОТ".

Ацо Шопов ѝ е познат на читателската публика и како преведувач на македонски јазик. Особено се познати неговите препеви на Шекспировиот "ХАМЛЕТ", Ростановиот

"СИРАНО ДЕ БЕРЖЕРАК", песните на Јован Јовановиќ Змај, Жупанчич, Крклец, Крлежа, Витез, Сарајлиќ, Крилов и други. Но, и неговата поезија е преведувана. Освен избор од песни препеани на српско-хрватски јазик и објавени под наслов "ПРЕДВЕЧЕРЈЕ", познати се и избори од творештвото на Шопов објавени на словеначки јазик, на унгарски, на руски, а застапен[е] и во антологиите на југословенска[та] поезија на италијански, полски, руски и германски јазик.

ПРАШАЊЕ: Своите први ~~те~~ револуционерни сознанија и воени доживувања Ацо Шопов ги преточува во стихови во почетокот од својата литературна кариера, што временски се совпаѓа и со почетокот на војната, а под влијание и поддршка на Ванчо Прке.

Другар Шопов, можете ли нешто да ни кажете за деновите кога го почувствувавте раѓањето на поетот во себе? Како и пристапивте на литературата, кој ве воведе во тој свет?

/ОДГОВОР - ПОЛОВИНА СТРАНИЦА/

СОРАБОТНИК: ~~ПРАШАЊЕ:~~ По 1941 година, несомнено, за Вас е значајна во тој период 1943 година, кога со една група младинци од Штип се префрлувате преку Скопје и стапувате во Шарпланинскиот партизански одред. Еве една песна од тој период, секако долго носена во Вас низ напорните маршеви, по искрвавениот снег, по пепелиштата од саканите краишта и - запишана во мигот на доживувањето на пролетта меѓу партизаните:

/М У З И К А/

АРТИСТКА:

Вечер е тиха, дремлива,
нечујно гора шумоли,
месец сред гранки сонува,
ѕвездите солзат на небо,
~~а рана пролет прправа~~
xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx

а рана пролет пргава
раскрила убост моминска -
снага ѝ - шума борова,
очи ѝ - бистри кладенци,
лице ѝ - пупка трендафил,
а коси - трева зелена.

Еј, море, радост голема
партизан в пролет да бидеш,
кога се шума разлисти
и зажуборат извори,
еј, море среќа бескрајна,
в пролет низ гора да одиш,
грлото да го извиеш,
песни да пееш бунтовни
и врагот да го прогониш!...

Вечер е тиха, дремлива,
нечујно гора шумоли,
месец сред гранки сонува
и ѕвезди солзат на небо.
Не оди долга колона,
не гази снага моминска
- на лесни крилја пркнати
вила ја носи планинска!

/МУЗИКАТА ЗАВРШУВА/

СОРАБОТНИК: Под партизанска капа срцето беше војник и заробеник, но мечтата на поетот не можеше ништо да ја обескрили. Таа и тука си наоѓаше патишта за својата топлина и љубов, таа и тука си наоѓаше можности да се преточи во стихови. И така, некаде, во тие долги колони се роди и особено импресивната и популарната песна "ОЧИ" :

/М У З И К А /

АРТИСТ:

Три дена на раце те носевме збрана,
со тага и болка во погледот срчен,
и секоја капка од твојата рана
ко крвава жар ми капеше в срце.

Другарите беа и морни и гладни,
со згорени грла и свиени плеќи
со тап бол се впија во очите ладни
и жалеа оти не ќе пламнат веќе.

Но јас знаев оти пак ќе вивнат в жарој
и борците под нив ќе цветат и раснат,
в студените утре ќе греат ко сонце
и никогаш нема да стијнат и згаснат.

Последната вечер, в планинското село,
кај борците беа во дрипава дреа,
со пликови жешки на стапалки тешки,
и смрштени чела - згасени, мразни
ко нивните пушки укочени, празни,
и нечујно, глуво, ко здушена река
се точеше шепот од уво до уво:
"Утре, друже, в зори, страшен бој не чека,
а ние сме малку - сал неколку души..."

И кога ко игла ти прободе уши -
Ти растресе снага и размолска тага,
со луѓени очи широки и волни
ги расече в ноќта здивените молњи! -
Ко тогај, ко тогај, другарко, помниш -

в смрзнатата вечер на пролетта рана,
кај нашата младост и првата радост
ја косеше луто куршумната слана, а ти чело збрчка
ко тигрица рипна
и летна во ноќта крвава и црна, -
со своите очи што ригаа пламен
ги растопи часкум челичните зрна...

И после! И после - в последната вечер...
Ја нејќам да мислам што потаму стана!
Сал помнам те изви крвавата рана,
прошталниот шепот ти замрзна в усни,
ти горea очи под веѓите густи!
Со нивниот пламен и со клетва света,
на заседа тргнав сред мојата чета.

И утринта кога зрив чела ни спраши
ти не беше веќе в редовите наши,
но скипеа борци со одмазда жолчна,
и видов! О, видов, - кога бојот почна
развихреа сите со твојата сила -
ко елени брзи и лесни ко птица.
А твоите очи се искреа гневно
на нивните потни, распалени лица...

Три дена на раце те носевме збрана,
со тага и болка во погледот срчен,
и секоја капка од твојата рана
ко крвава жар ми капеше в срце.

/МУЗИКАТА ЗАВРШУВА/

ПРАШАЊЕ:

Раскажете ни за поетот - борец Ацо Шопов и посебно за доживувањата или импресиите што Ве инспирирале за создавањето на песната "ОЧИ" - таа толку пластична и длабоко емотивна слика на еден историски миг?

/ОДГОВОР - ОКОЛУ ЕДНА СТРАНИЦА/

СОРАБОТНИК:
~~XXXXXXX~~

Веднаш по војната вашата лирика се свртува кон осветлувањето на внатрешната, интимната човекова реалност, но и натаму нејзината најзначајна инспирација е љубовта, а основниот патос - искреноста и префинета лиричност. Еве една од тие песни чии украси се дескриптивност, лапидарност, неколку нагласени епитети и концизност во изразот:

/М У З И К А /

АРТИСТ: ЛОВ НА ЕЗЕРО

АРТИСТКА:

Птица устремена. Стрвнина.
Исправен нож со закана.
Глуне езерската површнина,
модра од тага неисплакана.

Темниот удар на крилото
темно ја сече модрината.
Блеснува на студенилото
риба во клунот раскината.

Денот е сив од умирање.
Сами сме. Ништо не велиме.
Некое немо разбирање
нé гони да се разделиме.

/МУЗИКАТА ЗАВРШУВА/

ПРАШАЊЕ: Можете ли, другар Шопов, да ни откриете како доаѓате до мотивот за песната: со свесна анализа на некој миг или состојба, преку непосредно доживување, постепено или одеднаш? Како му приоѓате на пишувањето? Постои ли некаков период на барање, на набљудување и размислување или едноставно - седнувате и запишувате? И уште едно прашање: во творечкиот процес патот на раѓањето на песната од нејзините први контури до дефинитивното оформување секако не е едноставен и краток. Вие, како творец, кон кои елементи на поезијата чувствувате најголема одговорност?

/ОДГОВОР - ПОЛОВИНА СТРАНИЦА/

ПРАШАЊЕ: Дозволете ни да Ве замолиме за неколку збора и за она со што во поново време уште еднаш ги освоивте своите читатели. И во композициона и во естетска и во содржинска смисла единаесетте "МОЛИТВИ НА МОЕТО ТЕЛО" укажуваат на постојаното збогатување и сé посуптилното рафинирање на Вашата лирика, на осовременувањето на нејзината метафорика, макар што

таа одамна го изгради, оформи и го рафинира својот збор и ритам. Кажете ни нешто за структуралните, композиционите елементи на овој циклус? Пред да ни одговорите, да се потсетиме на него преку "ДЕСЕТТАТА МОЛИТВА НА МОЕТО ТЕЛО"

/М У З И К А /

АРТИСТ:

Еве го тоа место, таа заробена убавина,
таа чудесна смрт од сино и бело,
од сино и бело во очите на ветрот,
еве го тој непрокопсаник, тоа тело.

Еве го тоа место, таа свенлива убавина
пред сите сегашности и пред сите дамнини,
пред твоето исконско темно неспокојство -
тие неизодливи нерамнини.

Ти стоиш овде немо и притаено
над овој стивнат и непознат вител.
Биди му пролет жуберлива и лековита
ако би му била повелник и жител.

И без да прашаш со древна љубопитност
дали е верен пленик на вистините,
влези тивко и незабележано,
влези со мудроста на годините.

/МУЗИКАТА ЗАВРШУВА/ (ПОТОА - ОДГОВОР - ПОЛОВИНА СТРАНИЦА)

ПРАШАЊЕ:

Да го завршиме разговорот со уште едно прашање, што можеби не е во најконкретна врска со Вашите стихови, но кое, веројатно, ги интересира нашите слушатели: кога се враќате со мислите кон својот изминат пат на човек и борец и кога размислувате за Вашата генерација, па тие денови ги споредувате со нашите сегашни денови и со деновите на оваа нова генерација луѓе и творци - што во тоа споредување најмногу Ве возбудува?

/ОДГОВОР ПОЛОВИНА СТРАНИЦА/

СПИКЕР:

Драги слушатели ова се само неколку зборови за човекот и творецот Ацо Шопов и за контурите на неговата лирика. Ова се само неколку зборови и еден мал поглед врз таа егзалтирана лирика, исконски верна на својата искреност. Денешнава средба со поезијата на Ацо Шопов ќе ја завршиме со еден фрагмент од коментарот за поетот Ацо Шопов во кој нашиот еминентен критичар Димитар Митрев го наречува: "војник на лирската искреност, еднакво храбар: и кога ја држеше пушката и кога го држи перото, нишанејќи - при сите случаи - со истрелите на своето срце", запишувајќи ги со тие истрели првите полнокрвни почетоци на нашата интима.

Емисијата ја завршуваме со уште еден прилог кон оваа средба, што го одбравме од последната збирка стихови на Ацо Шопов, под наслов "РАЃАЊЕ НА ЗБОРОТ". Песната го носи истоимениот наслов: ќе ја чуеме во интерпретација на авторот:

/М У З И К А /

СОРАБОТНИК: ~~АРТИСТ:~~
ШОПОВ: ~~АРТИСТКА:~~

РАЃАЊЕ НА ЗБОРОТ

Глужд на глужд.
Камен врз камен.
Камена шума
изѕемнина.

Глужд на глужд.
Камен врз камен,
од камен и ние обата.
Чади нокта.
Зборот се двои од темнина.
Модар јаглен му гори во утробата.
О, ти што постоиш зашто не постоиш
небото го лулаш,
земјата ја вртиш.
О, ти што постоиш зашто не постоиш
земјата јачи под камени плочници.

Иде замелушен од своите смрти
зборот што ги крши сите слепоочници.
Глужд на глужд.
Камен врз камен.
Својот гроб со прокуда го копам.
Отвори ме
проклетио,
ти тврдино камена,
да изгорам во јапленот на зборот,
да се стопам.

/МУЗИКАТА ЗАВРШУВА/

СПИКЕР: Драги слушатели, заврши денешната школска емисија по македонски јазик и литература во која слушавте за поезијата на Ацо Шопов.

Емисијата ја подготви и разговорот го водеше Тамара Арсовска,

Конферансата ја читаше:

Во ~~[illegible]~~ интерпретацијата на стиховите учествуваа:

Музичка илустрација: Ана Клима

Режија:

Утре од 8 часот и 1о минути и од 14 часот и 1о минути на нашата програма е емисијата по музичко воспитување.